Првенка ТУРК

# УЧЕНИЧКИТЕ ИСТОРИСКИ ГРУПИ (ДРУЖИНИ НА МЛАДИТЕ ИСТОРИЧАРИ) КАКО ВИД НА АКТИВНО ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

## ИСТОРИСКИ СЕКЦИИ

Во својата обработка на темата Млади историчари (Ученички историски групи, дружини на млади историчари, како облик на активно продлабочување на знаењето на учениците), ќе се ограничам на работата на историските секции во основното училиште.

Во согласност со прифатените цели и задачи на програмата за основните училишта од општествено-економското и воспитно-образовното подрачје, учениците ги насочуваме на различни организациони форми, меѓу кои се и историските секции.

Училиштата ја обликуваат програмата на интересните дејности во согласност со можностите, задачите и целите, што произлегуваат од специфичноста на општествената средина. Покрај тоа во СР Словенија постои планско и програмско насочување на историските секции, кои според поставените цели претставуваат наградба на програмата на интересните дејности на училиштето.

Најнапред укажуваме дека работата на историските секции континуирано тече веќе низа години, земајќи ги предвид редовните годишни републички средби, каде се постигнати видни резултати, посебно на подрачјето на основното училиште.

Програмата на историската секција се засновува врз монографско истражување на темата, посебно избрана за секоја училишна година. Истражувачките теми зафатија разни подрачја од општествениот, стопанскиот и културниот живот. Избрани се така што откриваат и пошироки сознанија за локалната историја, за потесната или пошироката општествена средина во која работи училиштето. Тематиката од година во година се поврзува и преоѓа од потесен во поширок приказ (на. пр. Школството во

НОВ, Децата во НОВ, Младината и обновата на татковината, Стопанските и општествените достигнувања на крајот за време на петолетката) на проблематиката. Најголем број од темите го зафаќаат периодот на НОВ. Минатогодишната и овогодишната тема опфатија истражувања од повоената историја.

Избор на темите врши поширока стручна комисија за работа на историските секции, во која се вклучени претставници од Марксистичкиот центар, Заводот за школство на СР Словенија, претставници на музеи и институти, како и на други општествено-политички организации и друштва.

Сојузот на организациите за воспитување и грижа за децата во Југославија (Zveza prijateljev mladine), кој работи во состав на Сојузот на пионерите на Словенија, овозможува организационо остварување: избор на темата, објава на распишаната тема во пионерските и младинските весници, организира советување на ментори на историските секции, се поврзува со општинските организации на Сојузот на пријателите на младината на Словенија (Zveza prijateljev mladine Slovenije), кои секоја година се домаќини на средбите на пионерите историчари во Републиката.

Стручната комисија го предлага носителот на темата, научниот работник, истражувачот од подрачјето на тематика, која е опфатена со распишаната тема.

Вклучувањето на младите историчари во истражувачката работа бара темелни подготовки. Во тоа најзначајна улога има менторот, кој со долгогодишното искуство во водењето на историската секција го запознава и освојува начинот, како младите да се придобијат за историска истражувачка работа.

Менторите, кои се оспособуваат на редовните годишни советувања добиваат упатства за начинот, како учениците во историските секции што поуспешно да се прифатат за истражувачката тема. Добиваат упатства за средбите на младите историчари, кои сè повеќе се засновуваат на истражувачката тема. На советувањето посебно внимание им е посветено на методите и формите на работа со учениците, кои се вклучуваат во истражувачката работа. Научните работници од архивите ги запознаваат учителите со можностите за негова обработка.

Средбите на пионерите историчари во републиката имаат воспитно-образовна и манифестациона цел. Воспитно-образовниот дел од средбите на пионерите историчари го вклучуваат пристапот на учениците во избраната тематика, изработката на методологија за обработка на темата, работата на истражувачката тема и посредувањето во целокупната истражувачка работа.

Со методите на работа, кои ги употребуваат во својата истражувачка дејност, учениците ги продлабочуваат знаењата, ги запознаваат особеностите на струката, а со тоа исто така и се мотивираат за струката. Собирањето на историските извори на

терен, што го вршат учениците, има повеќекратна цел, а главна е вклучување на учениците во истражувачката историска работа, развивање и продлабочување на воспитно-образовните цели. Од воспитен аспект особено е значајно учениците подлабоко да ги запознаат општествените проблеми на својот крај, правилно и критички да ги оценуваат, а воедно и да го збогатуваат своето знаење со помош на суштината на периодот што го истражуваат.

Во историската истражувачка работа учениците се здобиваат со искуство, кое се пренесува на работата во одделението и на новата истражувачка тема во наредната учебна година. Континуираната работа со учениците во историските секции влијае врз успехот на работата во редовните и вонучилишните дејности.

За постигнување на целите, менторите ги приспособуваат облиците и методите на работата на истражувачката тема и содржината. Учениците ги насочуваат на повеќестран пристап. Заради недостиг на литература и архивска граѓа, исто така употребуваат и етнолошки метод. Токму усните извори често се основа врз која учениците ги обликуваат и доградуваат новите сознанија за истражувачката тема, а воедно и за периодот што го истражуваат.

Интервјуто и анкетирањето во истражувачките проекти се најчест облик и метод на работа. Забелешките од интервјуто се преплетуваат со различната документарна граѓа, што е специфична за периодот, а воедно е подредена на темата.

Учениците на терен се насочуваат на собирање на сè уште неевидентирана граѓа. Се запознаваат со објавените материјали во литературата. Вршат избор на статии од весници, ревии и списанија кои се однесуваат на истражувачката тематика. Подготвуваат прашалници и вршат анализа на одговорите. Во елаборатот внесуваат посебно подготвени табели, графикони и топографски карти.

Во истражувачкиот проект покрај учениците од историската секција исто така се вклучуваат и ученици од другите интересни дејности (членови на литературно-новинарска секција, од клубот на ООН, марксистичката секција, ликовната секција, техничката секција итн.). Бројот на членовите на одделните историски секции меѓусебно се разликува, и варира според бројот на учениците.

Тематиката, која се обработува и истражува во историската секција го надминува знаењето на учениците, заради што учителот мора посебно внимание да му посвети на доградувањето на поимите. Учениците мора да ги запознае со периодот, кој го опфаќа тематиката, доколку материјата не била изучувана во редовната настава. Не постои истовремено усогласување на содржината на редовната настава и интересните дејности. Заради подобро разбирање на поимите, учениците мораат да ја запознаат основната литература и да ја обработат со цел подлабоко да ја разберат содржината односно материјата што ја истражуваат. Во секцијата

многу значајно е планирањето на работата. Учениците во помали групи меѓусебно ја делат работата на терен при анкетирањето, при изборот на писмените и усните извори, при посети на музеи и архиви, посета на работни организации итн.

И покрај поделбата на работата, секоја група се запознава со основните облици и методи на работа, за целосно да ја сфати причинско-последичната поврзаност на настаните во определен период. Во конечното обликување на проектот соработуваат сите ученици од историската секција, а исто така и учениците од другите интересни дејности во училиштето.

Учениците од ликовната и техничката секција го извршуваат техничкото уредување на елаборатот. Литературно-новинарската секција подготвува избор на текстови за објавување во училишниот весник. Секциите ги предаваат завршните истражувачки проекти, кои се резултат на повеќемесечна работа на стручната комисија, која ги прегледува, оценува и распределува во согласност со одредени барања, каде се зема предвид систематскиот распоред на содржината, застапеноста на различни форми на работа, изборот на документираниот материјал и естетскиот изглед на елаборатот.

Младите историчари ги претставуваат истражувачките трудови на своите средби. Претставувањето вклучува изложба на трудови и материјали кои учениците ги собрале, и разговор за работата на истражувачката тема. При излагањето на материјата и посредувањето на најдобрите проекти, учениците со размена на искуство добиваат поттик за поголемо усовршување на својата истражувачка работа. Посредувањето е ограничено со темите, кои посебно се одликуваат според изборот на материјалот, и со соодветни форми и методи на работа зафаќаат специфичен приказ на настани од некој период. Младите истражувачи на средбите извршуваат екипно решавање на прашањата од тестот, кое бара пошироко познавање на особеностите на периодот. Манифестационото значење на средбата се поврзува со значајните годишнини од историјата на југословенските народи. Исто така се организирани и разговори со учесници во НОВ и посети на културно-историски споменици. Средбите завршуваат со прогласување на резултатите, доделувањето на наградите на најдобрите и со пригодна прослава, која ја организираат пионерите домаќини. Учениците на крајот од средбата добиваат информација за истражувачката тема за наредната учебна година.

Формите на работа на историските секции влијаат исто така и на другите интересни дејности, а особено на движењето „Науката на младината" во кое ги насочуваме младите историчари на средниот степен на образование.

Со следење на работата на историските секции увидовме дека, веќе низа години, се истакнуваат исти училишта, односно историски секции, кои развиле вистинска истражувачка традиција

така што нивните училишта би можеле да станат експериментални центри на истражувачката работа на младите историчари.

Новата истражувачка тема, секоја година пронаоѓа сè уште неоткриена материја. Истражувачките проекти на одделни училишта претставуваат вистински мали научни елаборати, кои би биле достојни и за објавување во стручната литература.

Истражувачката работа на историските секции особено е успешна во оние училишта, кои соработуваат со својата општествена средина.

На истражувачката работа на историските секции ѝ е посветено многу малку време за да настанат поусовршени истражувања, но и покрај тоа одделни елаборати би можеле да станат пример на истражувачката работа, со соодветни форми и методи на работа, како во продлабочувањето на знаењето, така и на повисоките степени на образование.

Врз основа на следењето на дејноста на историските секции, констатираме и недостатоци. Истражувачките трудови остануваат во архивите на училиштата. Дел од собраната документарна граѓа евидентира Музејот на народната револуција. Ќе биде потребна натамошна критичка обработка на собраниот материјал, а особено поголемо разбирање за дејноста на младите историчари, кои ги остваруваат поставените воспитно-образовни цели и ја надополнуваат празнината особено за оние периоди и специфична тематика, која не е доволно истражена.

Истражувачката работа на учениците од историските секции претставува придонес на историографијата, а особено кон осветлувањето на локалната историја.

Развивањето на творештвото на младите и поттикнувањето кон истражувачки активности, е главна особеност и одлика на средбите на пионерите историчари, како составен дел на Југословенските пионерски игри.

Рефератов нека биде придонес кон размената на искуства за работата на младите историчари и во другите републики и покраини на подрачјето на интересните дејности.

Кон рефератов приложувам табела за средбите на пионерите историчари, со распоред по години и места на средбите, називите на истражувачките теми, иницијаторите на средбите и лозунгите (паролите), бројчана табела на предадените историски истражувачки трудови и имиња на наградените училишта, односно на историските секции, кои посебно се истакнале на републичките средби.

Податоците за средбите на пионери историчари објавени се во весникот „Prosvetni delavec“, во ревијата „Vzgoja in izobraževanje” во ревијата за младината „Pionir” и во „Pionerski list”.

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

Program živiljenja in dela osnovne šole 3 zvezek, družbenoekonomsko vzgojno-izobraževalno področje, Zavod SR Slovenije za šolstvo, Ljubljana 1984

Tomaž Weber: Teorija in praksa pouka zgodovine DZS, Ljubljana 1981

ОБЈАВЕНИ СТАТИИ ЗА СРЕДБИТЕ НА ПИОНЕРИТЕ ИСТОРИЧАРИ:

Prvenka Turk: 12. srečanje pionirjev zgodovinarjev, Тема на истражување: Šolstvo med NOB, Prosvetni delavec, 22. 6. 1981, Glasilo Delavcev o vzgoji izobraževanju in znanosti Slovenije, Ljubljana; Средба на пионерите историчари, Mladina pri obnovi domovine, Prosvetni delavec 6. 6. 1983 — št. 10; 15. средба на пионерите историчари, Najboljše šole z raziskovalno tradicijo, Prosvetni delavec, 11. 6. 1984, št. 11; Тема на истражување на историските секции во основните и средните училишта, Mladina pri obnovi domovine, Vzgoja in izobraževanje, Zavod SRS za šolstvo, Ljubljana 1983, letnik XIV; Историски секции, стручна и манифестативна природа на средбите на пионерите историчари, Vzgoja in izobraževanje, Revija za teoretična in praktična vprašanja vzgojno-izobraževalnega dela, Zavod SRS za šolstvo, Ljubljana 1983, letnik XIV, št. 5.

Andrej Vovko: Obilica zbranih podatkov o šolstvu, Rezultati lanskoletne raziskovalne naloge Šolstvo v NOB, Pionir 2, leto 1981/82, Ljubljana, Poljudnoznanstvena revija za mladino; Šolstvo v NOB, Nova raziskovalna naloga, Pionir 2, Leto 80/81.

Igor Longyka: Ocena lanske zgodovinske naloge, Izvirno gradivo iz NOB v domačem kraju, Pionir 2, leto 1980/81.

Matija Žganjar: Otroci med narodnoosvobodilnim bojem. Nova raziskovalna naloga za mlade zgodovinarje, Pionir 5, leto 1981/82, Ljubljana.

Nataša Urbanc: Mladina pri obnovi domovine, Nova raziskovalna naloga, Pionir 2, oktober 1982 Ljubljana; Ocena raziskovalne naloge, Mladina pri obnovi domovine, Pionir 10, junij 1983 Ljubljana.

Zdenko Čepič: Gospodarske in družbene pridobitve kraja v obdobju prve petletke (1947—1951), Pionirski list, december 1983.

Vladka Durjava: O 14. srečanju pionirjev zgodovinarjev v Novi Gorici, Mladina pri obnovi domovine, Pionirski list, junij 1983; Zanimliv skok v zgodovino, Srečanje pionirjev zgodovinarjev v Kopru, Pionirski list 35, 31. maj 1984.

Liana Kalčina-Srhoj: Srečanje pionirjev zgodovinarjev, Glasilo DPM, Organizacijski list društev in zvez prijateljev mladine, maj 1984, Ljubljana.

Превел од хрватскосрпски и словенечки
Здравко ЌОРВЕЗИРОСКИ

ПРИЛОГ

## ПРЕГЛЕД НА СРЕДБИТЕ НА ПИОНЕРИТЕ ИСТОРИЧАРИ

| Зап. бр. на сред. | Година на средбата | Место на средбата | Тема на средбата на пионерите историчари | Иницијатор на средбата | Број на дадените задачи | Наградени училишта |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. |
| 1. | 1969 | Птуј, I. средба | МОЈОТ КРАЈ ВО МИНАТОТО | РКСПМС (во рамките на југословенските пионерски игри под лозунгот „Ја сакаме татковината и сите нејзини братски народи“ | 9 | |
| 2. | 1971 | Камник, II средба | НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ ВО МОЈОТ КРАЈ | — „ — | 29 | О. У. Страње |
| 3. | 1972 | Церкно, III средба | 30 ГОДИНИ ПИОНЕРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА (1942—1972) | — „ — | — | О. У. Страње<br>Жужемберк<br>Церкно<br>Фара<br>Крањ |
| 4. | 1973 | Толмин, IV средба | НАПРЕД, НАПРЕД СИРОМАСИ — СЕЛСКИ БУНИ | — „ — | 40 | О. У. Т. Велење<br>Страње<br>Жужемберг<br>Церкно |
| 5. | 1974 | Љубљана V средба | МОЈОТ КРАЈ ВО ИЛЕГАЛСТВО | — „ — | 72 | Страње<br>Жужемберг<br>Церкно |

Прилог (продолжение)

| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | 1975 | Постојна<br>VI средба | ЗАВРШНИТЕ БОРБИ ЗА ОСЛОБО-<br>ДУВАЊЕ | — „ — | 34 | О. У. Постојна<br>Крањ<br>Жужемберг<br>Полхов Градец |
| 7. | 1976 | Брестаница<br>VII средба | НАШИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ И ИЗ-<br>ГНАНИЦИ | — „ — | 40 | |
| 8. | 1977 | Трбовле<br>VIII средба | СЛОВЕНЕЧКИТЕ КОМУНИСТИ ЈА<br>ПРЕЗЕМААТ ОДГОВОРНОСТА ЗА<br>СУДБИНАТА НА СЛОВЕНЕЧКИОТ<br>НАРОД | — „ — | 58 | О. У. Валентин<br>Водник<br>Љубљана<br>Трбовле |
| 9. | 1978 | Велење<br>IX средба | НОБ ВО СЛОВЕНИЈА ЕСЕНТА<br>1943 ГОДИНА | — „ — | 60 | О. У. Велење<br>Нова Горица<br>Ново Место<br>(Бршљан) |
| 10. | 1979 | Ново место<br>X средба | ПАРТИЗАНСКИОТ САНИТЕТ | — „ — | 69 | О. У. В. Водник<br>Љубљана<br>Жужемберк |
| 11. | 1980 | Љубљана<br>XI средба | ПАРТИЗАНСКА ТОПОГРАФИЈА<br>НА КАРТАТА НА НАСТАНИТЕ<br>ОД НОБ ВО РОДНИОТ КРАЈ | — „ — | 40<br><br><br>заб. | О. У. Бршљин<br>Дол при Љубљ.<br>Престранек<br>Радовљица |
| 12. | 1981 | Птуј<br>XII средба | ШКОЛСТВОТО ВО НОБ | — „ — | 72<br><br><br>заб. 1 | О. У. Страње<br>Жужемберк<br>Церкно<br>Престранек |

**Прилог (продолжение)**

| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 13. | 1982 | Севница<br>XIII средба | ДЕЦАТА ВО НОБ | СПМС (Југословенски пи-онерски игри под лозун-гот: Растеме под Титово знаме) | 40 | О. У. В. Водник<br>Љ., Камнишки<br>баталјон<br>Страње,<br>Т. Цуфарја,<br>Љ., Постојна,<br>А. А., Т. Велење,<br>Шмарјета,<br>Ново Место,<br>Ј. С. Требње |
| 14. | 1983 | Нова<br>Горица<br>XIV средба | МЛАДИНАТА ВО ОБНОВАТА НА ТАТКОВИНАТА | — „ — | 42<br><br><br><br><br>заб. 2 | О.У. М. Штрукел<br>Нова Горица<br>М. Шуштерчич,<br>Ј. П. Бојка<br>Копер<br>Жужемберк<br>А. Ашкерц<br>Т. Веление,<br>Д. Кобала<br>Марибор<br>И. Цанкар<br>Марибор<br>Б. Поланчич<br>Марибор |

Прилог (продолжение)

| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 15. | 1984 | Копер<br>XV средба | СТОПАНСКИТЕ И ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРИДОБИВКИ НА НАШИОТ КРАЈ ВО ПЕРИОДОТ НА ПРВАТА ПЕТТОЛЕТКА | СПМС (југословенски пионерски игри под лозунгот: Растеме под Титово знаме, пионери весело на дело) | 42<br><br><br><br><br><br><br>заб. 3 | О.У. I танковска бригада Декан<br>Јанко Премрла Копер,<br>Падлих првоборцев<br>Блажа Коцена Милојке<br>Нова Горица<br>Драга Кобала Марибор<br>Ивана Ефенка<br>Милана Шуштера<br>Љубљана,<br>Ивана Цанкарја<br>Жужемберк,<br>По |

заб. 1: Податоците за наградените задачи се објавени во ревијата PIONIR 2, 1981/82
заб. 2: Податоците за наградените задачи се објавени во PROSVETNI DELAVEC, 6. 6. 1983 бр. 10
заб. 3: Податоците за наградените задачи се објавени во PROSVETNI DELAVEC, 11. 6. 1984 бр. 11
заб. Подетални податоци за наградените задачи се објавени во ревијата PIONIR 2, 1980/81